Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на општина Карпош**, на ден 23.02.2022 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 15 – Криви Дол, Блок 8, Општина Карпош, Скопје кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Карпош www.karpos.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 15 – Криви Дол, Блок 8, Општина Карпош, Скопје нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Планскиот документ кој се донесува има за цел рационално користење на земјиштето, се дефинираат и оформуваат урбанистички парцели со што се решаваат имотно правните работи на сопствениците од катастарските парцели. Намената на земјиштето се усогласува со ГУП на град Скопје (2012 - 2022 година) и ДУП за Градска Четврт ЦС 15-Криви дол, Општина Карпош, Скопје за плански период 2013 – 2018 год, Одлука бр. 07-9210/2 од 30.12.2014 година... Намените и компатибилните намени се согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Органот на државната управа надлежен за работите во областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 11-150/4 од 23.02.2022 год,
с.р
Место Скопје

Име и презиме

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
СКОПЈЕ